**20261281848**

## АД МЕПСО

Врз основа на член 156 став (2) Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 101/25 и 135/25) Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје на 80-та седница со Одлука УО бр.02-3612/3 од 11.06.2026 година, по претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија согласно Одлуката бр.12-912/3 од 10.6.2026 година, донесе

# ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА МЕЃУЗОНСКИОТ КАПАЦИТЕТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА ПАЗАРОТ ДЕН-ОДНАПРЕД, ПАЗАРОТ ВО ТЕКОВНИОТ ДЕН И ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНОТО БАЛАНСИРАЊЕ*1

Член 1

Во Правилата за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање*1 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 92/26) во членот 2 став (1) по точката 9 се додаваат четири нови точки 10, 11, 12 и 13 кои гласат:

„10. „Индивидуален мрежен модел“ е збир на податоци што ги опишуваат карактеристиките на електроенергетскиот систем, вклучително производството, оптоварувањето и мрежната топологија, како и правилата за измена на овие карактеристики за потребите на пресметката на капацитетот, изготвен од соодветните оператори на преносниот систем, со цел негово комбинирање со други индивидуални мрежни модели при создавање на заедничкиот мрежен модел;

11. „Време на затворање на пазарот ден-однапред “ е моментот до кој се прифаќаат налози на пазарот ден-однапред;

12. „Модул за управување со капацитет“ е систем што содржи ажурирани информации за расположливиот меѓузонски капацитет, за целите на распределба на меѓузонски капацитет на пазарот во текот на денот;

13. „Нестандарден производ на пазарот во текот на денот “ е производ за континуирано спојување на пазарот во текот на денот кој не е наменет за константна испорака на енергија или за период подолг од една пазарна временска единица, со специфични карактеристики дизајнирани да ги одразат практиките на работа на електроенергетскиот систем или потребите на пазарот, како што се, на пример, налози што опфаќаат повеќе пазарни временски рамки или производи што ги одразуваат трошоците за стартување на производни единици; и“

Точката 10 станува точка 14.

Член 2

Овие правила влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавувањето во„Службен весник на Република Северна Македонија'', а ќе отпочнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на Правилата за доделување на меѓузонскиот капацитет за користење на капацитетот на пазарот ден-однапред, пазарот во тековниот ден и за целите на прекуграничното балансирање*1 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 92/26).

АД МЕПСО

2026 година

Скопје

Генерален директор,

**доц.д-р Бурим Латифи,** с.р.